МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
ЗДРУЖЕНИЕ НА ГИНЕКОЛОЗИ И ОПСТЕТРИЧАРИ

MACEDONIAN MEDICAL SOCIETY
ASSOCIATION OF GYNAECOLOGISTS AND OBSTETRICIANS



# I КОНГРЕС
## НА ГИНЕКОЛОЗИТЕ И ОПСТЕТРИЧАРИТЕ ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# FIRST CONGRESS
## OF GYNAECOLOGISTS AND OBSTETRICIANS OF REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
# BOOK OF ABSTRACTS

25 - 27.10.1998, Скопје, Република Македонија

25 - 27.10.1998, Skopje, Republic of Macedonia

## МYOM И БРЕМЕНОСТ НА НАШ МАТЕРИЈАЛ

Зероски Д., М. Капетаноска М., Е. Јашовиќ

**Цел**. Да се прикаже можноста за забременување, текот и исходот на бременоста кај пациентки кои лекувале стерилитет.

**Материјал и методи**: Опфатени се 30 пациентки, на возраст од 20 – 45 год. во период од 5 год. кои лекувале стерилитет (примарен и секундарен) а кај кои бил дијагностициран миом на утерус.

Најзастапена е старосната група од 30-34 год. (40 %) и од 35-39 год. (36,7%), по кои следуваат групите од 25-29 год. (13,3%), преку 40 год. (6,7%) и од 20 до 24 год. (3,3%). Поради интраоперативниот наод кај 3 пациентки е направена ХТА, кај 11 енуклеација, а кај 16 не е направена никаква интервенција. Сите 27 пациентки останале бремени со нормален тек на бременоста. Предвремено се породиле 18,5%, а 81,5% на термин. Најчест начин на завршување на породувањето е Sectio Caesarea 74,1%, спонтано без интервенции се породиле 14,8 и 11,1% се породиле спонтано со В.Е.

**Заклучок**: На основа на резултатите може да се заклучи дека во зависност од големината и бројот на миоматозните чворови можена е бременост на пациентките со или без енулклеација на истите. Контролирањето на бременоста обезбедува подобар тек и исход на истата. Ваквите трудници најчесто се породуваат во термин и на нашиот материјал по оперативен пат.